Ovakvim aktivnostima Makedonija je uspjela savladati regionalni pristup, te se uspjela učlaniti u pojedinim asocijacijama individualno. Da bi Makedonija postala ravnopravni član EU, treba još puno toga učiniti, prije svega normativno regulirati gospodarstva i raditi na promjeni svijesti naših gospodarstvenika i naših građana.

Svjesna da su međunarodni kontakti jedini način za rješavanje svih problema, i da oni otvaraju nove puteve za suradnju, Republika Makedonija, od njenog osamostaljivanja do danas, vodi aktivnu međunarodnu suradnju. Brojni su kontakti makedonskog predsjednika, gospodina Kire Gligorova sa državnicima države Europe i drugih kontinenata, sa međunarodnim asocijacijama, financijskim organizacijama itd. Posebno su intenzivni kontakti sa susjednim zemljama i sa državama nastalim raspadom bivše Jugoslavije. Kao što vam je poznato, predsjednik Gligorov je ovog proljeća posjetio i Republiku Hrvatsku, a taj posjet je i potvrda tradicionalno dobrih odnosa Makedonije i Hrvatske. Pritom treba naglasiti da je odličan dojam ostavio njegov nastup u Saboru Republike Hrvatske. Dodao bih još i da je ministar vanjskih poslova Republike Hrvatske, gospodin Mate Granić također nedavno bio u posjeti Republici Makedoniji. Očekuje se da će međudržavni kontakti biti češći i na svim razinama.

Treba svakako spomenuti i kontakte parlamentaraca dviju zemalja, zatim kontakte na ministarskoj razini, gospodarstvenika, kao i kontakte u oblasti kulture.

Vjerujem da će i ovaj naš večerašnji skup doprinijeti boljem upoznavanju, razumijevanju te unapređenju suradnje naših dviju država.

Zahvaljujem na pozornosti!

## POZDRAVNI TELEGRAMI PREDSJEDNICIMA GLIGOROVU i TUĐMANU

– Na svečanoj akademiji pjevala mezosopranistica Rahilka Burzevska

Makedonci i Makedonke koji žive u Splitsko-dalmatinskoj županiji svečano su u subotu, 7. rujna proslavili 8. rujna, Dan državnosti Republike Makedonije. Osim brojnih članova Društva Makedonaca i prijatelja Makedonije »Makedonija« u Splitu na tom uspjelom skupu u dvorani »Dalmacijakoncerta« bili su zamjenik gradonačelnika Splita Dujomir Marasović, predsjednica Kulturnog društva Makedonaca »Krste Misirkov« iz Zagreba poznata umjetnica Rahilka Burzevska, ugledni član Makedonske pravoslavne crkvene opštine »Sv. Zlata Meglenska« iz Zagreba skladatelj, prof. dr. Toma Prošev i predstavnici nacionalnih udruga koje djeluju u Splitu.



Nakon intoniranja hrvatske i makedonske himne i odavanja počasti svim poginulima za slobodu makedonskog i hrvatskog naroda, o značenju Dana državnosti Republike Makedonije, koja već pet godina živi kao samostalna i suverena republika. Govorio je predsjednik Društva ing. Vlado Apostolski. – Mi, Makedonci u Hrvatskoj volimo svoju drugu domovinu, ali u srcu nosimo i našu matičnu tatkovinu Makedoniju, koju nikada nećemo zaboraviti niti iznevjeriti. Naša Makedonija je danas slobodna država, priznata od svih – uzor mnogima. Teško nam je palo što se razdruživanje od bivše Jugoslavije nije okončalo na miran, civiliziran način. Hrvatska je bila izložena gruboj agresiji Srbije i Crne Gore i dala je brojne žrtve za svoju slobodu. Makedonija je, na sreću, bila pošteđena razaranja i žrtava, ali ima susjeda koji joj i dalje osporavaju pravo na ime, zastavu i opstojnost. Čestitamo hrvatskom narodu na obnavljanju svoje državnosti i odajemo mu priznanje za herojski otpor agresoru. Mirovni sporazum o normalizaciji odnosa između Hrvatske i Jugoslavije donio je nadu i ohrabrio sve one koji vjeruju u mir. Taj dokument ima veliko značenje ne samo za Hrvatsku već i za cijelo područje bivše Jugoslavije«, naglasio je Apostolski.

U umjetničkom dijelu programa sudjelovali su mezosopranistica europskog ugleda Rahilka Burzevska, uz glasovirsku pratnju prof. Ivane Oreb iz Splita koja je otpjevala ariju iz opere »Orfej i Euridika« K. W. Glucka, te »Habaneru« iz opere »Carmen« Georgesa Bizeta i pjesmu pokojnoga splitskog skladatelja Josipa Hatzea – »Majka«. Vrhunac oduševljenja nastupio je kad je umjetnica, pjevajući splet starih makedonskih narodnih pjesama, nakon prvih stihova »Biljane«, pozvala posjetitelje da joj se pridruže. Cijela je dvorana, skladno i poletno, pjevala »Biljanu«. Dugotrajan pljesak popratio je i njezinu interpretaciju pjesme »Kaleš, bre Anđo!«.

Splitska pjesnikinja Sonja Senjanović kazivala je svoju pjesmu »Ruke da nam u zagrljaj hrle«, Milan Bjelajac govorio je Koste Racina »Elegija za tebe«, Anka Urdinova-Pereža donijela je sugestivno stihove poeme »Oči« Ace Šopova, a Ljiljana Baković-Petkovska Racinovu pjesmu »Tutunoberačite« (»Berači duhana«).

Obraćajući se sudionicima svečane akademije, pošto mu je predsjednik Društva Makedonaca i prijatelja Makedonije dipl. ing. Vlado Apostolski uručio sliku akad. slikara Slavka Upevčeta (»Ohridski motiv«), zajednički dar društva i autora splitskom Gradskom poglavarstvu, zamjenik gradonačelnika Splita Dujomir Marasović je rekao: »Čestitam vam veliki praznik u ime gradonačelnika mr. Grabića. Želimo da Republika Makedonija živi sretno i da ojača kako bi se mogla suprotstaviti svim eventualnim osvajačima. Volimo Makedonce zbog njihove kulture, miroljubivosti i zbog njihove pravoslavne vjere koja se drži i širi kršćanski nauk – »ljubi bližnjega svoga«. Nikad Makedonci nisu rušili tuđe crkve, niti su zatirali tragove drugih naroda. Makedonski narod ima pravo na svoje ime, svoju zastavu i da bude svoj na svome. Hvala vam na poklonu gradu Splitu za njegovih 1.700 godina«.



Proslavljena mezosopranistica Rahilka Burzevska

S akademije su upućeni pozdravni telegrami predsjedniku Republike Makedonije Kiri Gligorovu i predsjedniku Republike Hrvatske dr. Franji Tuđmanu, koje je pročitala Slavica Škratulja-Velkovska.

Održavanje kulturnih manifestacija Makedonaca u Splitu pripomogli su brojni sponzori i pojedinci, Makedonci i Hrvati, te splitsko Gradsko poglavarstvo.

**Vladimir CAKTAŠ**



*Гоце Делчев:*

"Македонија има свои интереси и своја политика. Тие им припаѓаат на сите Македонци. Оној кој што сака да работи на присоединувањето на Македонија кон Бугарија, Грција или Србија, тој може да се смета за добар Бугарин Грк или Србин, но не и за добар Македонец.



Членовите на МКД Браќа Миладиновци во Осијек на Годишното собрание во МО »Горњи Град« на кое во работата учествуваа и Вукашин Јовевски секретар на Заедницата и потпретседателот на МКД Кочо Рацин од Пула Горан Стојковски




Работното Претседателство со ракоплескање го поздрави изборот на г. Благоја Јовевски за натамошен претседател на МКД Браќа Миладиновци.

Македонското културно друштво »Браќа Миладиновци« во Осијек на 9. 11. 1996. г. одржа Второ Годишно Собрание во преполната сала на Месниот одбор »Горњи град« во Осијек. Во работата на Собранието зедоа учество покрај претставници на етничките заедници и културни друштва од Осијек, секретарот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска г. инг. Вукашин Јовевски со членот на УО Стојанка Тежак, и секретарот на хрватско-македонското друштво од Загреб г-жа Лена Ѓапиќ, потоа г. Горан Стојковски потпретседател на МКД »Кочо Рацин« од Пула како и други гости. Поздравни телеграми до Собранието упатија г. д-р Златко Крамариќ градоначелник на Осијек и г-жа Рахилка Бурзевска, претседател на МКД »Крсте Мисирков« од Загреб.

Годишното Собрание го разгледа и усвои извештајот за работата на Друштвото во минатата година (1995/96, што го поднесе г. Благоја Јовановски заедно со извештајот на финансиските приходи и расходи, како и планот и програмата за наредната 1997. г.

Укажано е дека Друштвото во изминатиот период со вонредни усилби остварило значителни активности од кои посебно се нагласени Деновите на македонска култура, посветени на 800 годишната од споменот на името на град Осијек, настапот на хрватскиот драмски уметник Јошко Шево, промоција на книгата »Чунгалунгац и још сваштa« од Круно Фиршт-Мадиќ, одбележен е Денот на Државноста на Република Хрватска, а претставници на Друштвото учествувале и на прославата 45 г. на Матицата на иселениците од Македонија што се одржала во Република Македонија. Друштвото во изминатиот период остварило особено добра и разновидна соработка со Осијечко-барањската Жупанија, Градското поглаварство на Осијек. заедниците на етничките групи во Осијек, Евенѓелскиот факултет во Осијек, Правниот факултет, Друштвото на слепите »Бранко Филип-Штрига«, Музичкото училиште, Свеучилишната и Градска библиотека и други институции и поединци.

Изразено е посебно задоволство што членовите на Друштвото редовно добиваат две списанија: »Македонија« од Скопје и »Македонски глас« од Загреб.

Собранието им одаде почит на два заслужни члена: проф. др Тома Прошев и г. Лазо Јорданов кои во меѓувреме починаа, при што е нагласена наивната несебична и плодна активност во севкупните дејности и афирмацијата на Македонците во Република Хрватска.

Во наредниот период според усвоената програма и план за активностите тежиштето ке се стави врз веќе воведените и традиционални манифестации меѓу кои се Деновите на Македонската култура одбележувањето на традиционалните културни и други празници. При тоа се планира издавање на збирка поезија на младата поетеса Нада Жагар. Секако голем дел од планираните активности ќе зависи во реализацијата и остварувањето на финасиските донации и прилози, при што и натаму особено актуелно е изнаоѓањето на работен простор за Друштвото со помош на Градското поглаварство и сите заинтересирани.

Благоја Јовановски, проф.



Пред почетокот на Годишното Собрание членовите ги разгледуваат документитет а со голем интерес го следат и вториот на Информавниот билтен.



## СИМБОЛ НА ЖЕНАТА ХРИСТИЈАНКА

**– Свечано прославен Патрониот празник на Св. Злата Мегленска и Денот на Света Петка**

**– »Нека Ви е честита храмовата слава и долговечна« – се вели во Посланицата од Митрополитот за Европа Горазд, да соборјаните во Загреб**

Македонските христијани во Загреб веќе трета година достоинствено и со љубов го слават својот патронен празник – Св. Злата Мегленска. Загребската црковна општина на македонските христијани едногласно го прими на својата основачка седница името на оваа млада Македонка од мегленско која кон средината на 17 век заради верата во Господа и Христа стана великомаченица и симбол на страдањата на македонската жена во времето на Отоманската империја а подоцна симбол на верата и достоинството. Таа е една од ретките црковни општини во составот на Македонската православна црква по светот која носи име на една великомаченица од Македонија.

В недела на 27 октомври, кога се слави и Света Петка-Параскева македонските христијани ја исполнија црквата Св. Рок на богослужбата што ја држеше отец Љупчо Двојаковски од Охридската митрополија. Домаќинка на патрониот празник беше г-жа Љубинка Пахлина, на богослужбата присуствуваше и нејзиниот пријател од Раб жупникот Роберт Зубовиќ од жупата Мунданија.

Во беседата отец Љупчо Двојаковски зборуваше за ликот на оваа великомаченица, за достоинството на жената христијанка и за нејзината симболика во опстојноста на македонскиот христијански дух. При тоа тој ја прочита и Посланицата до соборјаните од Европскиот Митрополит Горазд. (ја донесуваме во целост).

На соборјаните им се обрати и претседателот на црквената општина г. инг. Томислав Зојчески говорејќи за нужноста од поактивен однос на христијаните кон животот и обновата на христијанскиот дух при што голема важност има не само залагањето да се има свој свештеник туку и редовно да се извршуваат црковните обврски од кои се најважни редивноста и преземањето на сите обврски. Една од нив е и грижата за материјалната самостојност. Претседателот Зојчески му одаде признание за залагањето и напорите на покојниот проф. др Тома Прошев како еден од втемелувачите на оваа црковна општина и прв потпретседател на Европска та Епархија, истакнувајки го неговиот пример на човекољубие и патриотизам.

б. о.

*Драги славеници, браќа и сестри во Господа,*

*Еве и оваа Господова година дочекавме да го отпразнуваме овој голем светол ден, исцелителен ден, ден на радост и славје, сеќавајќи се на великомаченица Св. Злата Мегленска, која ја слави и почитува и се молат сите Македонци и Македонки што живеат во овој голем град – Загреб. Нека ви е честита храмовата слава и долговечна.*

*Токму оваа година се навршаваат 196 години од нејзиното херојско маченичко стадање за св. Православна вера. Св. Злата како млада, убава и стројна Македонка, се исполни со Светиот Дух Господов, го зема крстот на Господ Исус Христос и смело, непоколебливо су љубов појде по стапките на својот Спасител. Во својата одлучност, во една прилика таа рече: »Го имам за родител Господ Исус Христос, а за мајка Пресвета Богородица, за браќа и сестри светителите и светителките – благоугодници на небесниот Бог Отец«. Големи и одлучни зборови на богоминспираното македонско девојче. Нека ги слушне Господ молитвите на Св. Злата Мегленска, на сите млади православни Македончиња и сите нивни желби да ги оствари. Господ е со нас и ние да бидеме со него. И ако, заради Тебе Господи, секогаш не навредуваат, духовно и телесно не убиваат, не сметаат како овци за колење; но, во сето ова победуваме со Господ Исус Христос, Кој го победи злото во светот. Од љубовта кон Бога никој не може да не оддели, ни тага, ни сиромаштија, ни гонење, ни гладување, меч или смрт. Господ е нашиот балсам, лек, утеха и надеж. Да веруваме во Бога цврсто, непоколебливо, да се надеваме во Неговата бескрајна милост кон сите наши браќа и сестри, Македонци и Македонки кои живеат во оваа убава земја. Бог е љубов и сака сите да се спасиме. Во Божјата љубов вечно живее и ќе живее Св. Злата Мегленска.*

*По молитвите на Св. Пречиста Мајка Богородица, Св. Петка – Парескева и Св. Климент Охридски – Чудотворец, патрон на Македонската Православна Црква заедно со Св. Злата Мегленска. Господ Исуса Христа, Боже наш смилуј се на нас и помогни ни.*

*Нека Ви е честит и среќен празникот, за многу години да славите и да се радувате,*

*Со Божји благослов,*

*Метрополит за Европа*

Горазд



**Членовите на Управниот одбор полагаат свечана заклетва: Владо Шулевски, Томислав Зојчески, Татјана Краљ, Герас Јани, Томислав Груевски и Никола Апостолов, пред отец Љупчо Двојаковски.**



## *РАЦИНОВ ДЕН ВО САМОБОР: 1936–1976–1996*

***По повод 60 годишнината од првото објавување на една Рацинова песна – »До еден работник« – во загребското списание Книжевник, на македонски јазик 1936. г. Заедницата на Македонците во Хрватска во соработка со МКД »Крсте Мисирков« од Загреб, организира »Рацинов ден« на 30 ноември во Музејот на град Самобор.***

***Венец со свежо цвеќе пред споменикот на големиот македонски поет и патриот положи македонскиот амбасадор во Република Хрватска г. Сервет Авзиу, при што беше положено цвеќе и во името на Заедницата на Македонците.***

***Во Музејот потоа беше одржано спомен – матине на кое »Слово за Крсте Мисирков – сон и јаве на македонските генерецији«, зборуваше Огнен Бојаџиски, проф. истакнувајки дека оваа година се навршуват и 20 години од 12. декември 1976 г. кога хрватските и македонските пистатели на чело со академиците Марин Франичевиќ и Блаже Конески во Самобор ги открија спомен бистата на Рацин и спомен плочата на хрватски и македонски јазик на куќата каде што се наоѓала печатницата на Драгутин Шпулер, во која се печатени »Бели Мугри«. При тоа тој ја истакна взаемната поврзаност на Мисирков и Рацин во борбата за афирмација и создавање на современ македонски литературен јазик, за афирмација на македонскиот идентитет и ентитет, за создавање самостојна Македонија како алка на мирот и разбирањето на Балканот и меѓу народите. Тие два аголни камена во македонската култура и историја истовремено се и светли имиња во хрватско-македонските културни и книжевни врски и односи, и денес служат како поттик и патоказ.***

***Еден од ретките сведоци на печатењето на »Бели Мугри« г. Ивица Судник, почесен доживотен претседател на Самобор, евоцираше спомени за Рацин, а потоа поетесата Лиљана Димова рецитираше рацинови песни. Познатата мецосопранистка Рахилка Бурзевска му даде посебен белег на ова поетско матине со изведбата на неколку солистички песни во придружба на клавир на г. Бранко Сепчиќ.***



**Амбасадорот на Република Македонија во Република Хрватска г. Сервет Авзиу полага свежо цвеќе пред бистата на Кочо Рацин во Самобор.**



**Со жив интерес нашите сонародници како о нивните хрватски пријатели ја следеа оваа свечана спомен програма посветена на Крсте Мисирков и Кочо Рацин – истакнути дејци на македонската самосвест, култура и уметнички дострели.**



**Слово за Крсте Мисирков – »Сон и јаве на македонските генерации«, одржа Огнен Бојаџиски, проф. читајки неколку изводи од познатата книга »За македонските работи« од Мисирков**



Животот сведок на Рациновите денови кога се печатеа »Бели Мугри« г. Ивица Судник евоцира спомени на тие дни.



Познатата мецосопранистка Рахилка Бурзевска ги одушеви присутните со своите интерпретации на солистичките песни од Дора Пејачевиќ, Тома Прошев, Трајко Прокопиев и В. Николовски.



Членовите на МКД »Кочо Рацин« од Пула Горан Стојковски и Др. Олга Ангеловска рецитираа Рацинови песни како и поезија од други современи македонски и хрватски автори, бурно поздравени од присутните.







Поетесата Лиљана Димова, топло и лирски изрецитира песни од рациновото поетско творештво на мајчин македонски јазик.

## ДА ЗБОРУВАМЕ МАКЕДОНСКИ!

Во секојдневниот живот често се разговорите на тема: светски те јазици, кој колку е ценет, кој колку знае и какви се потребите. На крајот од секој таков разговор меѓу нас Македонците, по некое непишано правило завршуваме со познатата поговорка »колку јазици знаеш – толку вредиш« – но каде е мајчиниот јазик, македонскиот.

Со право и родителска грижа ги набројуваме јазиците што ги познаваат или учат нашите деца или внуци

Знаејки за македонското потекло на едниот или двајцата родители неминовно се доаѓа и до прашањето: А мајчиниот македонски јазик, каде е тој? Најчесто следи пауза, подголтнување, а потоа нижење редица причини и потешкотии што придонеле кон тоа македонскиот, мајчин јазик да не се знае и научи доволно.

Со цел одговорите на прашањата за учењето на македонскиот јазик, култура, историја и географија, да не претставуваат неугодност, туку причина за гордеење и натамошни дискусии, навистина потребно е постојано да ги негуваме и запознаваме.

Впрочем тоа е една од темелните задачи на Заедницата на Македонците, и токму затоа и со цел е иницирано создавањето наставна единица за дополнителна настава по македонски јазик, култура, историја и географија. Од страна на надлежните тела на двете држави: Хрватска и Македонија изразен е интерес и дадена голема подршка, меѓутоа закажавме ние самите: и секако родителите! И покрај четрите апели и повици до севкупното членство (во изминатите три години) досега се пријавија само 22 заинтересирани ученици или студенти. Бидејки овој број не е доволен за организирање на целосна дополнителна настава, се пријде кон активирање на секцијата »Да зборуваме македонски!« низ чија работа е предвидено остварување и на дел од наставната програма.



**Членовите на Секцијата »Да зборуваме македонски« со родителите и учителката Анастазија Новак, на својата прва ноемвриска средба**

Секцијата започна со работа во мај 1996. г. па се до крајот на учебната година под раководство на учителката Елизабета Стојковска. Почетните резултати не охрабрија и затоа Секцијата одново започна со својата работа на 23. ноември годинава и ќе работи секоја сабота од 10 до 12 ч. во просториите на Заедницата. Со секцијата раководи учителката г-жа Анастазија Новак.

Како што сме информирани иницијативи за создавање и започнување со работа на истата секција има и во Пула, меѓу членовите на МКД »Кочо Рацин«, а исто така и кај членовите на МКД »Браќа Миладиновци« во Осијек, што ќе се реализираат идната 1997. г.

И со овој почеток можеме да бидеме задоволни, меѓутоа очекуваме поголем одзив не само за работата на оваа секција туку и сите други, музичка, фолклорна, спортска и сл.

Вукашин Јовески, дипл. инг.
Секретар на ЗМРХ

## MKD »Kočo Racin« – Pula

## SIGURNI TEMELJI ZA BUDUĆNOST

**Makedonsko kulturno društvo – Županije Istarske »Kočo Racin« održalo je svečanu godišnju skupštinu dana 11. listopada 1996. godine u 18,00 sati u prostorijama Doma hrvatskih branitelja.**

**Među istaknutim gostima skupštine možemo izdvojiti prisustvo gospodina Dimitra Mirčeva – veleposlanika Republike Makedonije u Republici Sloveniji, gospodina Angela Ivanova – veleposlanstva Makedonije u republici Hrvatskoj gospodina Silvana Zilia – pročelnika Ureda za talijansku nacionalnu zajednicu i ostale etničke nacionalne manjine i zajednice u Županiji Istarskoj, gospodina Kiršića – pročelnika Ureda za kulturu – Županije Istarske i mnoge druge, koji su svojim prisustvom uveličali skup.**

**Rad skupštine otvorila je predsjednica društva gospođa Slavica Sagadin pozdravnim govorom. Nakon izbora radnog predsjedništva gospodin dopredsjednik Nenad Stojkovski podnio je iscrpan izvještaj o prvoj godini djelovanja društva.**



**U godišnjem izvješću dopredsjednik je naveo sve aktivnosti društva tijekom protekle godine počevši od izložbe slika makedonskih likovnih umjetnika koja se održala u 11. mjesecu 1995. godine pa sve do najsadržajnije, najduže i najveće organizirane manifestacije pod pokroviteljstvom društva »Dani makedonske kulture u Istri« u svibnju mjesecu 1996. godine, gdje su se tijekom održavanja građani Istre i Hrvatske mogli upoznati sa bogatim makedonskim kulturnim naslijeđem, poviješću i kulturom uz raznovrsna gostovanja predavača, pisaca, muzičara i istaknutih ljudi iz makedonskog kulturnog života.**

**Nakon iscrpnog izvješća gospodin Stojkovski je prezentirao skupu prijedlog plana aktivnosti za slijedeću godinu koji je jednoglasno prihvaćen.**

**Poslije usvajanja plana aktivnosti za 1997. godinu pristupilo se izboru kandidata za upražnjena mjesta u upravnom odboru i sudu časti. Na mjesto tajnika društva jednoglasno je izabran gospodin Časlav Gošev. Novi blagajnik i knjigovođa društva je gospođa Blagica Palko, a novi član suda časti je gospođa dr. Olga Angelovska.**

**Na prijedlog radnog predsjedništva gospodin Silvano Zili postao je prvim počasnim članom društva.**

**Nakon završetka službenog dijela skupštine dodjelom zahvalnica aktivnim članovima i simpatizerima društva, program skupštine nastavio se u koncertnoj dvorani Doma hrvatskih branitelja, gdje su gosti skupštine mladi članovi makedonskog kulturnog društva »Sveti Ćiril i Metodij« iz Kranja izveli kulturno-umjetnički program.**

**Nenad Stojkovski**

## МПЦО Св. ЗлатаЕгленска:

# СО ЉУБОВ И ПОЧИТ КОН СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

**– Слово за ликот и делото на Св. Климент по повод патрониот празник на МПЦ одржа г. Томислав Зојчески**

**– Музичката група »Езерки« настапи со пригодна програма**

Своето христианско и духовно наследство Охридската Архиепископија го темели врз делото, ликот и верата на еден од најдоследните ученици на Светите Браќа, охридскиот словенски епископ и Архијереј Св. Климент. Секоја година веќе 1100 години македонските христијани му одаваат почит на големиот светител и апостол на Македонија и Македонската православна црква. По повод патрониот празник Свети Климент Охридски, в недела на 8 декември беше особено свечено и пријатно во храмот на МПЦО Св. Злата Мегленска, црквата Св. Рок.

Голем број наши сонародници и македонски христијани дојдоа да му запалат свеќа, да се помолат и оддадат почит и признание за она што го стори и втемели во македонското постоење и битие. За светоста и духовноста што ете со столетија трае и го возвеличува Господовото и неговото име, Климентово.

Слово за Св. Климент Охридски одржа г. Томислав Зојчески, претседател на МПЦО Св. Злата Мегленска (изводи донесуваме подолу) а во спомен на Патронот пригодна музичката програма изведе музичката група »Езерки«, додека фаргменти од Поуките Климентови читаше Огнен Бојаџиски.







**Томислав Зојчески, дипл. инж. Претседател на МПЦО**

## СЛОВО ЗА СВЕТИОТ КЛИМЕНТ

**Мили сестри и браќа,**
**Драги Македонки и Македонци – соборјани на нашата црковна општина,**
**Драги гости и пријатели,**

**Се собравме на овој светол Божји ден, на овој голем народен и црковен празник, да одадеме почит и се помолиме во слава на Светиот Климент Охридски – Чудотворец, патронот на нашата света Македонска Православна Црква.**

**Големо е делото на Светиот Климент, кој како најдаровит ученик на Светите браќа Кирил и Методиј, се слави како светец-чудотворец, голем просветител, поет, беседник и хуманист и чија што слава за она што го направи се шири со векови меѓу македонските луѓе и кај повекето словенски народи. Меѓутоа, мали се познавањата за неговото порекло. Не се знае ни кога, ни од кого, ни каде е роден, ни на чиј мајчин јазик за прв пат прозборувал, ни какво име при крштењето добил. Но, има место за тврдењето дека бил сограѓанин на Светите браќа солуњани, дека со нив учествувал во мисијата кај Хазарите, кога се пронајдени моштите на папата маченик Климент, и дека заедно со Светите браќа отишол во Рим да ги пренесат тие мошти, кои се покопани во базиликата што го носи името на папата маченик Климент, а каде и денеска почиваат останките на Светиот Кирил Солунски.**

**Во 867. година, након првата словенска богослужба во Рим, папата го одобрил делото на Светите рамноапостоли Кирил и Методиј во Моравско и Панонија, ја признал словенската богослужба и ги посветил светите книги на старомакедонско-словенски јазик, со што тој јазик стана библиски јазик. Се смета дека тогаш самиот папа го ракоположил за свештеник Климента, кој што при ракоположувањето добил монашко име во чест на папата Климент. Се знае дека пред својата смрт, во Рим 869. година, Светиот Апостол Кирил го повикал Климента и другите ученици, им го дал својот благослов и за последен пат ги поучил во Христовата вера.**

**Престојувајки во Рим подолго после смрта на Светиот Кирил, веројатно чекајки го годишниот помен, Климент го напиша и своето прво книжевно дело »Похвала на нашиот блажен татко и учител Словенски Филозоф«, што е единствена творба исполнета со врели чувства за родоначалникот на словенската писменост, кому благодарниот ученик Климент му оддава признание за сето што стори да го извлече »словенското племе« од мракот и го воведе во културниот свет на тогашна Европа ...**

**Веке кон крајот на 886. година, кога бил на околу 45 годишна возраст, Светиот Климент бил упатен како богослужител и учител во далечната област Кутмичевица, во тромеѓето на денешна Република Македонија, Грција и Албанија, со главните градови Охрид, Девол и Главиница.**

**Во Кутмичевица Климент започнал со активна работа на верско и културно – просветно издигнување на населението, вршејки при тоа и богослужба на македонско-словенски јазик. Но не се ограничил само на тоа. Од неговото житие дознаваме деко со пропвед и на дело тој се грижел за бедните и неволните. »Беше татко на сираците и помошник на вдовиците, за кои се грижеше секогаш. Вратата му беше отворена за секој беден, а патникот не остануваше да ноќева надвор...« Во житието посебно се истакнува големото трудољубие на светецот: »Ние никош не го видовме празен, но секогаш, дење и ноќе или деца учеше ... или читаше, или пишуваше книги«. Покрај тоа се грижел и за материјалното издигнување на населението и го советувал за полезни стопански дејности. Се знае дека самиот Свети Климент калемел во Кутмичевица диви овошни дрвја, со питоми што ги пренесол од Византија.**

**До крајот на својот живот епископот словенско-македонски Климент ке го продолжи големото дело за верско и културно – просветно издигнување на населението од својата епископија, создавајки вистински силен верски и просветен центар, со седиште во градот Охрид, за кој многу денес зборуваат како за »прв словенски универзитет«. Низ тој центар, познат и како »Охридска книжевна школа«, поми-**

нале повеке од 3500 ученици, кои подоцна го ширеле словото божје на народен македонско-словенски јазик и го подучувале населението не само за основите на писменоста и култура, туку ги толкувале и разните теолошки прашања.

На Светиот Климент му го припишуваат и создавањето на кирилицата. Се знае дека азбуката што ја создаде Светиот Кирил и на која Светите браќа ги преведоа светите книги, беше глаголицата, која што беше неудобна и тешка за употреба. Затоа, како што читаме во второто кратко житие за светецот, што го напиша архиепископот Димитри Хоматијан, Светиот Климент »Измисли други форми на буквите, појасни од оние што ги пронајде мудриот Кирил«. Тоа беше новата азбука, наречена кирилица, која што беше многу по удобна и брзо ја замести глаголицата. Меѓутоа, од Охридската книжевна школа и многу векови потоа, излегуваа дела пишувани на глаголица.

Светиот Климент се бавел и со преведувачка работа, преведувајки од грчки и еврејски делови на евангелието и други црковни и световни дела потребни во богослужбата и просветата и со таа работа се бавел се до последниот час на својот живот. Тој на болесничката постела го преведувал крупното црковно дело: »Цветниот триод«.

Со името на Светиот Климент Охридски е поврзано и градењето на многубројни цркви и манастири, во Охрид и во областите Кутмичевица и Велика, можда повеке од стотина, од кој посебно се истакнува манастирот св. Пантелејмон на Плошник, во кој самиот Свети Климент си го подготвил тихиот дом и од каде во вечноста можел да ги гледа сините води на Охридското езеро и прекрасните височини и падини на Галичица. На спротивниот брег, близу до изворите на реката Дрим, на можда најубавиот дел на Белото езеро, бил изграден манастирот каде што во 910. година самиот Свети Климент го покопал својот собрат, Светиот Наум, кој што манастир и денеска го носи неговото светло име.

Освен со верска и просветителска работа, учителот и епископот македонско-словенски, Светиот Климент Охридски во целиот свој живот, се до смрта во 916. година, се бавел и со писателски работи. Тој е првиот оригинален словенски и македонски поет, беседник и просветител. Тој составува низа беседи, молитви, химни, пофвали и други псалмоподобни песни испеани во чест на нашиот Бог Исус Христос, на Светата мајка Божја Богородица, на Светиот Јован Крстител и на другите светии на христијанската црква. Покрај песни, Светиот Климент составил голем број »слова«, беседи и поуки, со кои се поучавало населението како правилно да ги исполнува верските обреди и како да живее во еден хуман и божји живот. Се смета дека Светиот Климент составил околу 50 беседи, за сите празници во годината. Неговите творби се едноставни, непосредни и разбирливи за секого. Исполнети се со топлина и лиричност. Неговиот биограф Теофилакт вели дека »Климентовите песни во многу беа слични на псалмите« и не е чудно што набргу тие творби стануваат достоинство на скоро сите словенски народи.

Светиот Климент Охридски допринесе подрачјето на Македонија во кое тој делуваше, во духовен и културен поглед да се издигне на голема височина не само во бугарската држава, туку и на целиот Балкан, зошто во Охридската школа доаѓале млади луѓе жедни за просвета и богослужба на старомакедонски-словенски јазик, од поблиските и подалечните словенски земји, напојувајки се со вера, знаење, доброта и љубов од зборовите и списанијата на големиот Учител.

Сето тоа допринесе Светиот Климент Охридски да се издигне како фигура од општословенско и општохристијанско значење така да и Светиот римски отец, Папата Јован Павле II, во својата енциклика за словенските Апостоли Кирил и Методиј меѓу другото вели: »... благодарејки и на дејноста на Св. Климент Охридски изникнаа динамични центри на монашки живот, каде особен развој постигна кирилската азбука. Оттука христијанството навлезе и во други земји, преминувајки во соседна Романија и достигна дури до Киевска Русија, а потоа се прошири од Москва кон источните предели ...«

Ете зошто рускиот патријарх Алексеј при доаѓањето во Охрид на 25. мај 1962. година, на денот на Светите браќа Кирил и Методиј, каде што заедно со архиепископот Охридски и Македонски Доситеј служеше свечана литургија, бакнувајки ја при излегувањето од авионот земјата рече: »Ова е света словенска земја, доаѓам во словенскиот Ерусалем«.

Не е случајно што во пределите каде што делуваше Светиот Климент Охридски во X век се создава јадрото на пространата држава на царот Самоил, како држава на Македонските Словени, со автокефална Охридска патријаршија. Таа патријаршија во 1018. година, по конечното разгромување на Самоиловото царство, византискиот император Василие II ја симна на ранг на архиепископија. Таа архиепископија меѓутоа го сочува континуитетот на верскиот, духовен и просветен живот во Македонија, се до нејзиното неканонско укинување од турскиот султан во 1767. година.

Требаше да се чекаат цели двеста години потоа, се до црковно-народниот собор што се одржа во Охрид на 18. јули 1967. година, кога Македонската Православна Црква, како наследничка на древната Охридската архиепископија, се прогласи за афтокефална црква. Со тоа се оствариja и вековните стремежи, желби, и борби на македонскиот народ за слобода и национална и верска независност.

А на денешен ден во сите наши цркви се пее тропарот на Светиот Климент Охридски-Чудотворец во кој се вели: »Со зборови си ги упатил народите кон верата Божја, со делата си се издигнал преблажени, кон боженствен и блажен живот. Со чудеса си ги просветлил оние што пристапуват со вера кон тебе, преславно осветлувајки ја темнината со знаменија. Заради тоа го славиме твојот божествен спомен, Клименте«.

Зошто Светиот Климент на верниците им порачуваше да запеат со ангелите: »Слава му на Бога во височната, а на земјата мир и меѓу луѓето добра волја«.

Затоа денеска македонскиот народ, во татковината и во сите земји на светот каде што се слуша македонскиот збор, празнувајки го патронот на својата црква и славејки го името и делото на Светиот Климент Охридски, на тој голем хуманист и борец за мир и боженствена љубов помеѓу луѓето, го слави името и делото на сèвишниот и семожниот Господ Бог.

Нека се за многу години делото и славата на пресветлиот Климент Охридски.

Нека ни е честит празникот!



МИЛЕ МИЛЕВСКИ

# prof. dr. TOMI PROŠEVU

**Riječ ili zvuk, što je bilo prije? Tu zagonetku si, dragi Tomo, duboko nosio u sebi, stvarajući svojim živim bićem i Zvuk kao glazbu i Riječ kao priču, darujući ne samo nas, već sve one Tebi znane i neznane prijatelje koji su Te cijenili i voljeli, koji će Te kao izuzetno osobenu i kreativnu osobu pamtiti i sjećati Te se kroz Tvoju glazbu i priču.**
**Ispraćamo Te u utorak, 17. IX. 1996. u 13.20 sati u krematoriju na Mirogoju.**

**Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj**
**— Makedonska crkvena općina Sv. Zlata Meglenska — Zagreb**

***Ненадејно на 13. септември годинава во Зларин почина истакниот композитор, диригент, музички педагог и писател професорот др. Тома Прошев. Веста за овој голем губиток и непребол, ги затекна сите кои го познаваа и почитуваа овој несебичен човек, неуморен работник и плодотворен деец кој остави длабоки траги во македонскиот културен живот, како и во саканиот втор дом Загреб и Хрватска. Македонската јавност со голема жал ја прими оваа вест, а Македонци те во Загреб беа затечени бидејки мошне добро знаеа какви се планови др Прошев подготвуваше во идната хрватско-македонска културна соработка преку Заедницата како и други културни асоцијации на двете држави и двата народа.***

***Др Тома Прошев го испратија до вечниот дом неговото семејство сопругата Нада, керката Борјана, синот Игор со внуките каки и бројни пријатели и почитувачи на неговото дело и човечки лик. Во големата аула на загребскиот крематориј, со »Аве Мариа« од името на неговите музички пријатели и почитувачи се прости г-жа Рахилка Бузевска, истакнат мецосопран, а во името на Хрватското друштво на композитори зборуваше г. Ненад Туркалј, истакнувајки го неговиот придонес во македонскиот музички културен простор како и придонесот во развивањето на музичкиот живот на Загреб и Хрватска. Во името најблиските и пријателите со Тома Прошев се прости Огнен Бојаџиски, долгогодишен пријател и собеседник.***



**Литургиско опело на др Тома Прошев му одржаа протоѓаконот Александар Цандовски и протејерејот Георги Кацарски, истакнувајки во беседата дека др Тома Прошев беше христијани со редка лика и дух, каков што и прилега на Светиклиментовата црква, а со тоа што беше иницијатор и прв претседател на МПЦО Св. Злата Мегленска во Загреб си го запиша името во летописот на Македонската црковна и христијанска повест, што и служи на чест и за пример.**



**За несебичниот, оригинален и плодотворен придонес на др Тома Прошев во Македонија и Хрватска зборуваше познатиод музиколог г. Ненад Туркаљ во името на Хрватското друштво на композитори**



**Во името на најблиските и пријателите од сопранот, од таткото, дедото и пријателот Тома Прошев се прости со лирски ин мемориам Огнен Бојаџиски, проф.**

**ZAGREB** (Hina) — Istaknuti skladatelj, muzikolog, dirigent i glazbeni pedagog Toma Prošev preminuo je na Zlarinu. Prošev je rođen 1931. u Skoplju. Na Muzičkoj akademiji u Zagrebu diplomirao je 1957. na Nastavno-folklornom odjelu, a magistrirao je na ljubljanskoj Glazbenoj akademiji kod profesora L. M. Škerjanca 1962. Nakon toga usavršavao je u Parizu kompoziciju i muzičku interpretaciju kod N. Boulangera, a doktorirao je iz muzikologije u Sarajevu 1981.

Toma Prošev djelovao je kao profesor kompozicije i muzikoloških predmeta na muzičkim akademijama u Zagrebu i Skopju, a obnašao je i mjesti ravnatelja Centra za umjetnost na Sveučilištu »Sv. Ćiril i Metod« te Opere i Baleta u Skoplju. Bio je ravnatelj Zagrebačke filharmonije i Muzičke proizvodnje Hrvatske televizije.

Osnovao je i vodio ansamble za suvremenu glazbu »Musica nova« u Zagrebu i »Sveta Sofija« u Skoplju.

Dobitnik je nagrada »11. oktobra SR Makedonije« 1968. i »13. novembra grada Skopja« 1979.

Važnija djela Toma Proševa su iz područja orkestralne glazbe 11. simfonija Tempera 1-10 (ciklusi za razne instrumentalne sastave). Od koncertantnih djela najvažniji su 27 koncerata za razne instrumente i orkestar, Koncert za Martenotove valove i orkestar (1964), Drugi koncert za violinu i gudače (1976.), Treći koncert za violinu i orkestar (1989.), Koncert za violončelo i orkestar (1986.), Koncert za čembalo i orkestar (1989.), Koncert za klavir i orkestar — Božićni (1991.) i druga djela.

Toma Prošev autor je i brojnih djela komorne, vokalno-instrumentalne glazbe i scenske glazbe, posebno za balet-operu i filmsku glazbu.

Oproštaj od Tome Proševa bit će u utorak, 17. rujna, u 13,20 sati na Krematoriju. Očekuje se da će na posljednjem oproštaju biti nazočno i izaslanstvo Makedonskoga društva skladatelja.



# Toma Prošev

*Zvukovi pretočeni u glazbu koja ovdje i sada dopire do nas, dragi Toma, tvoji su osjećaji, doživljaji, snovi i fantazije iz oratorija sunce prastare zemlje.*

*Znao si nas okupljati raznim zgodama i prigodama, uvijek radostan, nasmijan, s pokojom šalom ili dosjetkom, i nitko nije vjerovao da ćemo se tako skoro okupiti na tvom posljednjem ispraćaju.*

*Tvoji najmiliji, zajedno s nama tvojim prijateljima koji su te cjenili i voljeli, ispraćamo te na putu vječnosti, na putu koji čini mi se da si rekviemski naslućivao.*

*Čitav tvoj život bio je i ostao glazba. Od najranije mladosti otkrivao si tu čarobnu zagonetku tvoga iskona na vlastiti, osobeni i nadasve osebujni način. Bio si ponosan na svoje korjene, na drevno sunce napaćenog naroda i zemlje iz koje si ponikao, na tvoju obitelj i potomstvo, na svoje najmilije, na grad i sugrađane pod Sljemenom s kojima si živio i dijelio dobro i zlo, radosti i žalosti. Zračio se stvaralačkim kredom i originalnošću pred kojom se nije moglo biti ravnodušnim. Svima nama se činilo da su tvoja energija i tvoj duh neiscrpni, nesavladivi i bezvremenski. Uvijek si bio sugestivan.*

*Stvarao si i gradio, darivao si nas plodovima svoga duha, uma i umijeća. Znao si što hoćeš, bio se realista ali i Čarobnjak iz Oza, ponekad i bajkovit kao mali princ.*

*Među rijetkima koji su s tobom maštali, bio sam i ja preprčavajući sanjane i nedosanjane snove. Volio si iluziju kao dar nečeg božanstvenog, nadnaravnog, nedokučivog i neuhvatljivog. Poznavali smo se dugo, ali smo se dublje upoznali kroz ove ratne i olujne godine, koje su mnoge zbližili ali i mnoge udaljili.*

*Tvoj svijet glazbe i duha bio je neobično dinamičan, plodan, bogat, osebujan rajski vrt sa simfonijama, oratorijumima, kantatama, zborovima, riječima. Bio je to tvoj put ka istini, ka vječnosti u kome si se uvijek obraćao čovjeku kao takvom, prihvaćajući ga sa svim njegovim manama i vrlinama, razlikama i uvjerenjima. Tvoja umna i duhovna širina bila je jezero i ocean, tvoj radoznali spiritus dosezao je Himalaje i nije volio okove, on je davno kroz glazbu izborio sebi slobodu plovidbe. Tvoja suverenost i prepoznatljivost nije bila stroga, već pitoma dolina čednog djeteta.*

*»Budući da je glazba nabijana velikom snagom, znaš bako, ona je kozmička moć, kad se želi, jako želi, glazba, se pretvori u ono što je želja« – kazuješ nam u svojoj knjizi »Priča o glazbi«.*

*Želio si da budeš glazba, živio si kao glazba i znam dragi Toma da ćeš kao glazba uvijek biti sa nama i mi s tobom. Ona ti je davala snagu, ona ti je bila radost i utjeha, spiritus muvens, najtananija ljubav i razgoropad ena dama, ona je oplemenjivala tebe i ti si je nama darivao kao trajni zalog tvoga trajanja. Čarobna frula koja je mjerila bisere tvoga duha i srca, postaju naše bogatstvo i baština. Nedostajao si nam na Ilindenskom pikniku u Samoboru, gdje si inače rado šetao i uživao, družeći se s Racinovim šapatom.*

*Želio si biti most među ljudima i bio se most. Gradio si glazbene hramove i vjerujem da će oni sa kojima si gradio i za koje si gradio cjeniti i poštivati tvoje graditeljstvo.*

*»Koga sum radosten – živeam*
*i ednaš – koga će zgasne životot*
*Radosta će ostane – vo predanieto na*
*sopstvenoto postoenje«!*

*To su tvoji stihovi iz nama još uvijek neznane pjesničke intime koja čeka svoja praskozorja.*

*DOBRA TI POČINKA I LEKA NOĆ, DRAGI TOMA!*

*Ognen Bojadžiski*

## Драган Китановски нов секретар на МПЦО Св. Злата Мегленска

Управниот одбор на МПЦО Св. Злата Мегленска на својата седница од 6. 11. 1996. г. разгледувајки ги тековните активности и остварувањето на планираните дејности за нов член на управниот одбор (испразнетото место на покојниот др Тома Прошев) го именува г. Драган Китановски, досегашен претседател на Контролниот одбор. На истата седница по лична молба ослободен е од должноста секретар, досегашниот секретар Огнен Бојаџиски, проф. и за нов секретар именован е г. Драган Китановски.

Претседателот г. Т. Зојчевски, како и повеќе членови на Управниот одбор му заблагодарија на Огнен Бојаџиски за досегашните напори и труд во организацијата и обновата на црковниот живот, при што Управниот одбор донесе Одлука Огнен Бојаџиски и Тома Прошев, според чл. 26 од Статутот да бидат предложени за црковно признание до Светиот Синод на МПЦО заради вонредните активности и залагања во иницирањето и втемелувањето, како и изградувањето на македонската црковна општина во Загреб и личниот придонес во зајакнување на македонскиот христијански идентитет и опстојност.

р.

Љубомир Фрчковски, шефот на македонската дипломатија



### СТРАТЕШКАТА ПОЛОЖБА НА МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНИТЕ ОДНОСИ СО СОСЕДИТЕ

# МАКЕДОНИЈА СООЧЕНА СО НОВА БОРБА ЗА НЕЗАВИСНОСТ

***● Македонија може да биде значајна држава клучна за стабилноста на Балканот доколку ја искористи геостратешката позиција на балканскиот крстопат. Доколку на било кој начин ја врзат за една од линиите на крстопат на кој лежи станува мала, помалку значајна земја. – Излагање на шефот на македонската дипломатија, Љубомир Фрчковски***

Ќе се обидам да направам еден од можните пресеци и погледи на геостратегиската позиција на Македонија во регионот кои на еден или на друг начин, се основа на актуелните политички потези кои во овој период се влечат земајќи предвид токму таква позиција. Во тој контекст да ја поврзам исто така со темпото и динамиката на односите со соседните земји кои во овие пет години се развиваат интензивно и во правец, кој според наше мислење, задоволува.

Тезата за позицијата на Македонија е приближно следната. Македонија може да биде значајна држава, клучна за стабилноста на Балканот доколку во себе и во политиката што ја спроведува го одржува во живот историскиот крстопат што тука поминува и на кој таа лежи. Во сите четири правци, односно по историските линии кои денес се поклопуваат со она што го нарекуваме исток-запад коридор и коридор север-југ. Тој крст, што работно ќе го одредам како крст по кој се движат политичките, економските, информациските и сите други влијанија, Македонија знае да го анимира и да го држи отворен. Доколку не, Македонија станува една од мала помалку значајна земја ако на кој било начин успеат да ја врзат за тие линии. Во бившата СФРЈ тоа негативно искуство го почувствувавме радикално.

### Херојска фаза

Почетокот на борбата за независност и целиот процес на меѓународно признавање, контроверзите околу тоа, ја покажуваат токму оваа осетливост на позицијата на Македонија и потенцијата која со таа позиција ја носи земјата како фактор на влијание во политичките случувања. Историскиот бекраунд на притисокот, парчењето на Македонија го има истиот предзнак

во себе, истата премиса, премисата на важноста на оваа територија во регионот. Искуствата со процесите на признавањата со поодделни земји кои имале вакви влијанија во минатото, го покажува истото. На тоа се должат доцнењата во меѓународното признавање од некои соседни земји, но со таква боја се бојадисани и некои од политичките потези кога подоцна дојде до признавање. Ние глобално завршивме една, да не ја наречам херојска фаза од развојот од современата историја на Република Македонија. Тој е период на пет години борба за независност во кој практично, сите крупни отворени прашања, чекор по чекор беа решавани потпирајќи се на неколку принципи на градењето на политичкиот систем внатре и на неколку елементи на политичката култура во која тој политички систем е потопен. Она што Македонија го имаше како политичко наследство, на некој начин како ментално паметење, е дека во Македонија немало значајни судири меѓу етничките заедници во минатото.

Тоа паметење помогна во градењето на политичкиот систем на почетокот да не се пребрза да се направи оној чекор на судир од кој нема враќање. Односно да им се даде потребно време на новите политички институции да профункционираат дизајнирани со новиот Устав. Време кое кај сите посткомунистички држави очајно недостасува. Во тој период ние имавме состојба во која сите соседи практично гледаа што ќе се случи во Македонија и јас ќе го користам терминот дека во тој период ние бевме најнезависната земја во светот. Практично, бевме оставени сами. Тука имаше поддршка повеќе морална, принципиелна, меѓутоа, практично бевме оставени сами. Сите очи беа вперени во можноста на земјата да ја одржи внатрешната стабилност, своите прашања да ги реши со сопствени сили и како тоа ќе се разреши. Тоа е можеби сурово, но тоа е очигледно едно од правилата на меѓународната политика. Мислам дека тој процес разви исклучителна способност на политичкиот систем и субјекти во Македонија, сфаќајќи ја ваквата состојба, да ги разрешуваат состојбите внатре држејќи ги во свои раце и создаде една голема самодоверба во граѓанството.

## СЛОВЕНСКА ПРОВИНЦИЈА ИЛИ...

**Во најновите приоритети на Република Македонија спаѓа нешто што може да се нарече соочување со нова борба за независност. Фазата е пософистицирана, точно е дека не сме соочени со глобалните предизвици на нашата самостојност и независност, меѓутоа, ние сме соочени со една нова методологија на соседните земји спрема Македонија која е позната во историјата: кој ќе биде присутен во Република Македонија денес. Јас ја нарекувам нова борба за македонската самостојност. Борба која треба да ги држи нашите економски параметри во наши раце, секако неодбивајќи ја меѓународната интеграција на нашата економија, меѓутоа, надвор од директната зависност од економиите на соседните земји, е борба која треба да овозможи пробив на нашиот културен идентитет и маргинализирање на обидот да станеме една или мала културна провинција на словенската културна линија во регионот. За нас, културниот идентитет и културната доминација во регионот, емисијата која од Македонија треба да оди надвор е клучен стратегиски приоритет.**

### Добри политички односи



Тоа беше навистина голем проблем низ кој поминувавме и го решивме со сопствени сили. Тоа е мошне важен заклучок од оваа прва фаза, затоа ја нареков херојска фаза во македонската современа историја која ги стави пред свршен чин, пред заокружен цврст механизам кој функционира, сите соседи. Треба да се каже без резерви и да се вреднува признавањето од страна на Република Бугарија на Република Македонија и со тоа што Бугарија остана прозорец кон светот за Македонија во пе-

## ЈАЗИЧЕН СПОР?

**Паралелно ќе се работи на формулите на разрешување на јазичниот спор со Бугарија. Има тука неколку решенија на маса кои недвосмислено утврдуваат дека македонскиот јазик и неговото постоење е факт и дека за него нема што да се расправа. Во Република Бугарија, внатре, може да расправаат за тоа, но тоа е нивен внатрешен проблем. За нас тоа не е и не може да биде предмет на историска расправа. Тоа е завршена работа, нешто што го чини идентитетот на македонскиот народ и држава и тука не треба да има дилеми кои едно време се појавија во Република Бугарија.**

риодот кога бевме практично под двете блокади. Она што понатака се искомплицира, а се однесува на македонскиот јазик, тоа е една долга традиција во интелектуалниот историски бекраунд на Република Бугарија, која, за жал, се виде дека не е така лесно премавлива, и која потоа се појави некаде во средината на договорните процеси со Република Македонија по потпишувањето на пет или шест договори.

Со Република Албанија исто така по оваа исток-запад линија, односите од почетокот, независно од турбуленциите, може да се сумираат како политички добри. Карактеристика е дека Република Албанија често ги користи прашањата на малцинствата и на правата на малцинствата во Република Македонија, посебно на албанската националност, пред се за своите внатрешни проблеми, меѓутоа, тоа не е нешто што може да фрли сенка на генералниот тренд на добри политички односи со Република Албанија.

## СО РАЗЛИКИТЕ МОЖЕ ДА СЕ ЖИВЕЕ

**Ние од почетокот сме имале една трпеливост и упорност во нагласувањето дека релациите со Грција се од стратегиско значење за нас. Имаме заеднички објективни стратегиски интереси со Грција и тие треба да се разоткријат зад површината на ирационалниот судир околу прашањето на нашето име или за разликите околу нашето име. Таа линија треба да се отвори и да се развива без разлика што разликите околу името можат да останат трајни. Со разликите може да се живее.**

### Македонија – историски факт

Република Грција беше една од земјите со која имавме најголеми проблеми, од почетокот на постоењето на независна Македонија, за потоа тоа да добие димензии на културолошки дилеми кои и тогаш и сега сметам дека се ирационални. Она што ние сметаме дека е важно е заедничкиот базичен интерес на двете држави да дојде на површина и од тој базичен интерес да се развиваат односите и понатака да се детерминираат. Многу е важно дека со Спогодбата потпишана со нив во Њујорк, која од меѓународен правен аспект е многу детална спогодба, исклучително опсежна која со придружните акти ги опфаќа практично сите односи, целината на односите. Првпат со таа Спогодба признавањето на Македонија како историски факт станува реалност. Тоа претставува пораз на некои различни идеи не само во политичкото миље на Грција туку и во некои други соседни земји. Остануваат големи потенцијали и ние се подготвувавме за еден заеднички дијалог, отворивме најмалку три или четири теми со предлог за заеднички комисии и тела кои би работеле по нив пред се во областа на криминалот и превенцијата од него, друга област е прашањето на учебниците, користењето и начинот на валоризирање на историското наследство во учебниците на двете држави нешто што е вообичаен предмет на расправа сугерирана од меѓународните форуми. Таа комисија би ги опфаќала сите останати прашања кои се однесуваат на топонимијата и на целото историско градиво. Трета комисија би се однесувала на глобалната сфера на економијата. Важно е она што како методологија е прифатено, да се отворат и да се работи на прашањата на економската соработка и на сите други области, посебно од прашањата за кои имаме спор.

### Клучна улога



Последниот отворен спор се затвори со СР Југославија, соседна држава со која од почетокот, поради целата традиција на односи кои ги имавме во бившата држава, тензичноста беше најголема. Мислам дека со Спогодбата која ја потпишавме, практично сите прашања кои ние сметавме дека треба да бидат решени се разрешени на начин кој морам да кажам, нас нé задоволува.

Прашањето на признавањето и на воспоставувањето на дипломатски односи под уставното име што беше многу важно за нас со што практично со целокупниот круг на земји кои произлегоа од бившата СФРЈ склучивме дипломатски односи што беше дополнителен факт во нашата борба за нашето уставно име на меѓународен план.

Македонија со таква ориентација држејќи ги отворени четирите страни на комуникацискиот крстопат на кој лежи, станува значајна земја во регионот, да не кажам и клучна за неговата пацификација и стабилизација. Оттаму и релациите со групациите кон кои сме ориентирани не се само наша желба, туку и заеднички интерес кои тие групации го покажуваат спрема нас и не става во кругот на земји од „Партнерството за мир" кои имаат посебни аранжмани со НАТО и САД. Таа ориентација заедно со продолжувањето на основната нишка на нашето политичко искуство дека нашите работи ние самите си ги контролираме и разрешуваме, е основна линија која нас не извлече напред како земја која има капацитет и сила и политичка способност да преживее и да ги држи сопствената состојба и состојбата во регионот во свои раце.



Славе Николовски-Катин

## Две децении од формирањето на фондацијата

### »Атанас Близнакоф«

# ПОДАРОК ЗА УНИВЕРЗИТЕТОТ И МАКЕДОНИЈА

**Видниот Македоинец Атанас Близнаков роден во револуционерното село Д'мбени-Костурско, заедно со сопругата Славка се донатори на фондот за стипендирање на талентирани студенти на универзитет »Св. Кирил и Методиј« во Скопје.**

Македонските доселеници постигнуваат забележителни резултати во областа на бизнисот, културата, образиванието и социјалниот живот воопшто. Нивните постигнувања на економски, општествен и културен план се повеќе придонесуваат тие да бидат ценети од домашниот фактор и од другите етнички групи. Голем е бројот на деловни луѓе од македонско потекло кои се познати и признати дури во светот. Ваквиот напредок, пред се, придонесува за нивна општествена афирмација и поповолен третман во средините каде што живеат, однесувајќи се кон нив како кон посебна етничка заедница рамноправна со другите етнички групации во многунационалните општества на англосаксонскиот свет.

Еден од познатите и признатите македонски иселеници е, секако Атанас Близнаков. Неговите дела се добро познати меѓу македонските иселеници и на пошироката македонска јавност. Тој, всушност, припаѓа на онаа напредна и прогресивна генерација од првите иселеници на американскиот континент, кој, далеку од својата родна земја, целиот свој живот и со душа и со срце го посвети на слободата и напредокот на Македонија, на македонскиот народ. Неговиот живот е исполнет со трудуљубие и достоунство, а неговата желба долга колку еден човечки живот беше да живее во Македонија за која тој мечтаеше во целиот свој живот и со целото свое битие.

## ИНТЕРЕСНА ЖИВОТНА СТОРИЈА

Атанас Близнаков е роден на 15 декември 1901 година во познатото револуционерно село Д'мбени, Костурско во егејскиот дел на Македонија. Во Илинденското востание имал само дваесет месеци кога турскиот аскер навлегол во селото и кога неговата мајка Доча во својата прегратка го однела да го спаси од Турците. Неговиот татко Иван заедно со другите мажи од селото им се приклучил на востаничките чети, кои се бореа за слобода на нивната родна Македонија.

По Втората балканска војна во 1913 година, по која Македонија беше дефинитивно поделена меѓу балканските држави Атанас го заврши првиот клас во Д'мбени. Откако и целото Костурско се најдоа под грчка власт од мај 1913 година, д'мбенските ученици го положија последниот испит на својот мајчин јазик. Оттогаш грчките власти ги затворија словенските училишта и цркви, ги забранија песните, македонските обичаи и традиции, а подоцна дури и самиот мајчин јазик.

По Првата светска војна, како резултат на лошите економски и политички услови, голем број Македонци, особено од Костурско, Леринско, Битолско, Преспанско и од другите краишта побараа спас, напуштајќи ја родната земја и своите најблиски и заминувајќи во белиот свет. Така, Атанас Близнаков на 19 години, во најраната младост, ја вкуси горчината на емигрантскиот живот, во 1920 година го напушти родниот крај и тргна во потрага за подобар живот. Од родителскиот дом го понесе сознанието дека го гони немаштијата, но го понесе и единственото чувство дека е Македонец, дека ќе остане тоа на кој и да е дел на земјата и дека пак ќе се врати во својата Македонија.

Новата страница од интересната приказна на Близнаков започна на 16 декемврпи 1920 година, кога пристигна во САД, во Медисон, Илиноис, каде веќе имаше македонска колонија. Таму за прват се работи како фабрички работник без знаење на англискиот јазик. По една и пол година се насели во градот Гери, Индијана сместен на езерото Мичиген а кој во тоа време се развиваше во индустриски центар. Таму во железарницата во Гери работеше цели 34 години, сé до денот кога беше пензиониран.

За сето време во САД, деловноста на Близнаков се состоеше од купување на недвижнини и акции. Притоа, за вложувањето на стекнатото, освен младоста беше потребно знаење и умеење, кои тој ги поседуваше. За жал, 1929-та година кризата однесе сé што создал и се најде онаму каде што почнал. По кризата со малата заработувачка купи евтини акции, а потоа и недвижен имот со што започна да ги зголемува финансиските зделки и средствата.

## ПОВТОРНО ВО МАКЕДОНИЈА

По петнаесет години печалбарски живот, се врати во родниот крај, када се сретна со својот животен сопатник, Славка, млада и убава девојка од Д'мбени. Го одбра својот животен другар, кој во изминатите шеесеттина години е постојано со него, го храбри, живее со неговите идеи и заеднички копнееја за Македонија. Потоа повторно замина за Гери и засекогаш го остави своето родно Д'мбени. Ги оставуа сите убави и горчливи денови поминати во родниот крај, кога во Д'мбени живееја преку илјада Македонци, а со тага зборува за денешното Д'мбени во кое пустелијата и утките го заменија детски џагор и селската врева.

Близнаков беше активен член на Македонско-американскиот народен сојуз (МАНС), кој во тоа време водеше решителна борба против реакционерниот режим на Балканот. Всушност, членовите на МАНС се бореа за извојување на слобода на Македонија и на македонскиот народ. Тие се бореа за ликвидирање на фашизмот и беа поборници за изградба на посреќен живот и траен мир. Нивната морална и материјална помош беше од огромно значење во Народноослободителната борба и во периодот на обновата на Македонија.

Исто така, Близнаков беше претседател на Болничкиот комитет во Гери, чија мисија, како и на многу наши комитети во Америка, беше собирање парични средства за изградба на болнички блок во Скопје, кој работи во рамките на Државната болница на главниот град на Македонија. Тој е еден од основачите на друштвото »Александар Македонски« што активно се залагаше за формирањето на Македонската црковна општина во Гери.

Меѓутоа, сето тоа беше премалку за да се замени желбата на Близнаков да го види остварен својот сон за слободна Македонија. Така, во јуни 1958 година, заедно со сопругата Славка дојде за првпат да ја види слободната татковина, за да им се исполни нивната желба. Потоа, по десет години во 1968 година, по пензионирањето повторно доаѓа во Македонија, а во 1976 година засекогаш се врати во Скопје.

## ДВАЕСЕТ УСПЕШНИ ГОДИНИ

Во 1977 година на 18 април на 148 седница на Универзитетскиот совет, едногласно беше прифателна одлуката за основање на фондот »Атанас Близнакоф« на Универзитетот »Св. Кирил и Методиј« во Скопје. Всушност, Близнаков со својот тестамент ги подари паричните заштеди на Универзитетот во вид на фондација од која, за период од дваесет години, над двеста млади луѓе завршиле високо образование, а моментно 50 стипендисти користат средства на различни факултети на Скопскиот универзитет. Една од неприкосновените правила на фондот е стипендиите да се доделуваат исклучиво на студенти на Универзитетот »Св. Кирил и Методиј«. Тоа е всушност желбата на Близнаков, кој е мошне задоволен од досегашната работа на оваа институција, како и од односот на стипендистите кон него.

Фондацијата »Атанас Близнакоф« е прва од ваков вид во Република Македонија и затоа предизвика големо интересирање меѓу јавноста во Републиката и сред македонското иселеништво во прекуокеанските земји. Таа во прв ред е гордост на донаторот Атанас Близнаков, потоа поттик за другите добротвори, а подарок за Татковината и младината.

Атанас Близнаков и неговата сопруга Славка живеат во Скопје веќе дваесет години. Во тој период Близнаков публикуваше две книги. Првата е »Д'мбени и револуционерното минато на Костурско« издадена од Издавачката куќа »Мисла« од Скопје во 1982 година, а втората е »Националната, политичката и културната дејност на Македонците во САД и Канада«.

Книгата за неговото родно село Д'мбени има за цел да ја запознае младата генерација со особеностите, дејноста, корените и животот на Македонците од костурскиот крај, кои, не по своја вина, се распрскани насекаде по светот.

Во втората книга »Националната, политичката и културната дејност на Македонците во САД и Канада« го презентира македонското иселеништво, особено првата генерација иселеници во САД и Канада. На многу жив и наративен начин го дава интегрирањето на македонското иселеништво во новата средина, организирањето на македонските друштвам клубови, весници, организации и црковни општини. Книгата, всушност е пресек на историјата и збиднувањата на македонските иселеници во САД и Канада.

Формирањето на фондацијата »Атанас Близнакоф« претставува не само завештание и животна ориентација на познатиот иселеник од Гери, господинот Атанас Близнаков и неговиот сопатник Славка туку и светол чин за највисоката просветна институција – унивезитетот »Св. Кирил и Методиј«, а во исто време и протик на други македонски иселеници од сите деови на Македонија да формираат вакви и слични фондации со цел да ги збогатат образовно-научните процеси во нивната дедовска земја Македонија.

**Славе Николовски-Катин**



## ЛУДБРЕЖАНИ ВО ОХРИД

Познатото КУД »Анка Ошпух« од Лудбрег, благодарејќи на соработката со Заедницата на Македонците во Република Хрватска како и управата на Балканскиот фолклорен фестивал од Охрид, годинава оствари учество на овој афирмиран меѓународне фестивал што традиционално веќе 35 пат се одржува на бреговите на Охридското езеро. За време на својот престој во Македонија членовите на ова друштво се спријателија со познатото охридско КУД »Гердан« така што се очекува наскоро »Гердан« да гостува во Република Хрватска.

КУД »Анка Ошпух« од Лудбрег официелно учествуваше на 35 от Балкански фолклорен фестивал оставајки силен впечаток кај публиката особено на завршната вечер на Фестивалот (донесуваме неколку фотографии) што се одржа во Охрид.

М. Бошњак

## »ЕЗЕРКИ« ВО ОСИЈЕК

Во рамките на одржувањето на Годишното Собрание на МКД »Браќа Миладиновци« – Осијек, во културно уметничкиот дел по Собранието настани женската пеачка група »Езерки« од Загреб која делува при Хрватско-македонското друштво на пријателство од Загреб.

Со своите мелодии и лирски гласови, како и изборот на песните гостите и публиката одушевено го поздравија овој женски состав, бидејки тоа беше музички настан кој на сите ќе им остане во сеќавање. Долгиот и бурен аплауз воедно е искрена желба за повторно гостување како и посакување за добар успех и збогатување на репертоарот.

Благоја Јовановски, проф.

**In memoriam:**

### ТОМИСЛАВ ЛАЗАРЕВСКИ

**Есенва (19. 9.) одненадеш почина нашиот сограѓанин и сонародник Томислав Лазаревски кој што долги години работеше во »Плива« - Загреб. Томислав Лазаревски беше редовен и активен член на Заедницата на Македонците и почитуван и омилен меѓу своите сонародници. Опело на г. Лазаревски на гробиштата Мирогој во Загреб му чинодејствуваа протоѓаконот Александар Цандовски и протојереј Георги Кацарски. Во длабока жал остана семејството: сопругата Горјана, децата Тихана и Петар, сестрата Геновева со семејството.**

**In Memoriam**

### МИХАЈЛО ФИЛИПЧЕВ

**Охриѓанецот инг. Михајло Филипчев, почитуван наш сонародник и редовен и активен член на Заедницата на Македонците и МПЦО Св. Злата Мегленска, одненадеш почина на 3. 10. 1996. г. Г. Филипче од првите денови на основањето на Заедницата и МПЦО Св. Злата Мегленска беше еден од најредовните членови, кој со жив интерес и активен однос ги следеше бројните активности и обновата на христијанскиот живот, често другарувајки со охриѓани и давајки тон со своето присуство. Беше скромен, високо стручен и вреден работник, омилен сограѓанин што ја остави во длабока тага сопругата Наде Филипче со пријателите и работниот колектив »Електра« во Дуго Село.**



Надежда Жагар

Песните што ги објавуваме се поетски исказ на Надежда Жагар, наша сонародничка од Битола. Таа долго живее во Осијек и веќе долги години другарува со стиховите. Живее во складно семејство и нејзинот сон и во Осијек да има Македонско друштво конечно е стварност. Таа е еден од активните членови и нејзина песна »Патоказна звезда« компонирана е и се изведува, благодарение на нашиот сонародник и член на Друштвото »Браќа Миладиновци« Јанко Поповски. Нејзините песни ги интерпретира познатата заљубеничка во македонскиот мелос г-жа Мила Маџаревиќ.

Надежда очекува дел од нејзиното поетско творештво наскоро да биде објавен во збирка песни, за што и пожелуваме успех како и лична среќа во животот со семејството, сонародниците и пријателите.

### *ПАТОКАЗНА ЗВЕЗДА*

*Патоказна звезда се роди*
*учител на македонски народи*
*во Кукуш јунак уште еден*
*за илјади аскери повреден.*

*Гоце Делчев револуционер стана*
*македонски борец без мана,*
*недопирлив за сите гонители*
*и османлиските водители.*

*Во Серско загина тој*
*за македонскиот народ свој*
*за Даме, Диме, Гоце, песни се пеат*
*За Македонија вечно ќе живеат.*

### *ПЕСНАТА НА ЕЗЕРОТО*

*Месечината, езерото и песната*
*Прими го златесиот дар*
*на месечината,*
*Прими ја рубата*
*од езерото*
*среќата испеана*
*во песната*
*Да станеш невеста на ноќта*
*да се лулееш*
*на езерските бранови*
*Да се радуваш на убавината*
*на песната на езерото*
*Да леташ насекаде*
*Да им го дариш тоа на бреговите*
*Да танцувате во ноќта*
*со песната на езерото.*





*ДИМОВА ЛИЉАНА*

Поетесата Лилјана Димова одамна им е добро позната на љубителите на поезијата како во Македонија така и во Хрватска. Родена е во Битола и уште од младини пишува поезија. За своите поетски остварувања добива и една од најпознатите награди во Македонија – наградата на »Млада Струга« – 1975. г. Објавувала во најпознати списанија за култура и литература како во Македонија така и во Хрватска. Нејзиниот творечки и активен однос ја довел и во КУД »Иво Хергешиќ« каде е член од неговото втемелување. Како поетеса другарувала и се дружела со голем број хрватски и македонски писатели и поети но нејзини најдраги поети се Радован Павловски и Тин Ујевиќ. Веќе долги години живее и твори во Загреб, каде што е вработена во Драмското Казалиште »Гавела« во Загреб.

Љубезно ни отстапи од својата архива една фотографија од 12. декември 1976. г. при полагањето цвеќе на споменикот но Кочо Рацин во Самобор кога хрватските и македонските писатели со заеднички сили ги открија споменикот на Рацин во паркот на Музејот на град Самобор и спомен-плочата на хрватски и македонски јазик на куќата во која 1939. г. се наоѓала печатницата на Драгутин Шпулер, каде што се печатени »Белите Мугри«. На сликата се двајца македонски студенти Росе Смилевски (кожено палто) и Лилјана Димева со букет свеќе за големиот македонски поет и патриот.

### *НОЌЕСКА*

*Ноќеска сонував црвени камења.*
*Ноќеска ти се обидуваше да се преториш во ангел,*
*довикувајќи ме иронично*
*да ја поминеме реката на смртта.*
*Ноќеска се гушев во здивови од сенки,*
*Забрaденото лице постела ќе ти го направам,*
*голи на него да се пробудиме.*
*Од блискоста на вжарените тела*
*солавот наш ќе го искршам*
*да не лежиш крај мене како сениште,*
*искинато платно, фреска на моите слики.*
*Ако повторно ги сонувам црвените камења,*
*На ветровите ќе им наредам порано да ме будат,*
*новото утро голотијата да не ми ја виде,*
*ни сонцето да не се сме над моите лудувања,*
*заплеткани во деноноќието*
*со нашата таинствена вулгарија.*

### *ВТОРО РЕМЕК ДЕЛО*

*Рекодрвни шумови*
*крај еден вечен лик.*
*Скаменета статуа*
*издлабена во алгите*
*на немирните песокливи раце.*
*Со својот постојано ведар лик*
*ти личам на ЃОКОНДА*
*МОНА ЛИЗА*
*второ ремек дело.*
*Со макотрпни зборови сакаше да бидам*
*»МИЗАНТРОПИЈА« крај грешните души,*
*но сај сакана од нив*
*УМИРАМ!*
*НЕВИНА УМИРАМ ВРЗ НЕГО.*



### ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРЦИЈА

# БОГОСЛУЖБИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

***● На Меѓународната конференција за слободата на религијата (во Варшава од 16–19 овој месец) во организација на ОЕБС, македонската делегација беше целосно поддржана во настојувањето да се заштитат верските и други човекови права на делот од македонскиот народ во Грција***

Речиси без исклучок делегациите на владините и невладините организации на Меѓународната конференција за заштита на слободата на религијата, што се одржа од 16 до 19 април во Варшава, ги поддржаа ставовите и оценките во извештајот на претставниците на Македонците од егејскиот дел на Македонија и од цела Грција, во кој отворено се тврди дека ниту верските, ниту, пак, какви и да е други човекови права на делот од македонскиот народ во оваа соседна земја се признати и заштитени. Ова, меѓу другото, беше истакнато на прес-конференцијата, што ја одржа во Скопје претставникот на македонската делегација на Конференцијата, архимандритот г. Никодим Царкњас. Заедно со него во Варшава беа и Ева и Крис Паларе и Петар Медискос.

На конференцијата во Варшава претставникот на Грција г. Кавалератос, рече дека во Грција е загарантирана слободата на религијата, на што ние членовите на македонската делегација решително се спротивставивме, истакна г. Царкњас. Ние се декларираме дека ги прифаќаме принципите на Конференцијата и отворено истакнавме дека Македонците во Грција, немаат никакви верски, односно црковни права, како што ги немаат ниту другите човекови права. Ние побаравме да ни биде овозможено богослужбите во светите храмови да се извршуваат на нашиот мајчин македонски јазик. Дека овие права не ги почитуваат во Грција истакнаа и другите членови на македонската делегација, изнесувајќи го мојот пример, кому грчката држава веќе 14 пати му суди затоа што се декларирам како Македонец и затоа што се борам за заштита на правата на Македонците, а Грчката црква од истите причини ме осуди на расчинување.

Од неофицијални извори дознаваме дека автор на обвинителниот акт против г. Царкњас е Леринскиот митрополит на Грчката архиепископија г. Августинос, еден од најголемите антимакедонски поборници во соседна Грција, по чиј налог досега се урнати голем број оригинални македонски православни храмови со потекло од средновековието и со канонска сопственост на Охридската македонска архиепископија, а од фреските, иконите и од другиот живопис во црквите наредува да се бришат кирилските македонски знаци и содржините да се заменуваат со грчко писмо.

М. С.

★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★

***Среќна Нова 1997 г. и честит Божик!***

★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★ ★

**ДРАГИ ЧИТАТЕЛИ!**

**Ве молиме за соработка со ваши мислења, ставови и погледи.**

**Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата за дабидат објавени во наредниот број.**

**ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш тие го одразуваат мислењето на Редакцијата. Редакцијата е одговорна само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.**


**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**
**ВЕСНИК НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

**За издавачот:**
**Мр ГОРАН СТОЈКОВСКИ**

**Главен уредник:**
**ОГНЕН БОЈАЏИСКИ**

**Редакција:**
**Зоран АНГЕЛКОСКИ (Пула), Владо ЦАКТАШ (Сплит), Левко ЦВЕТКОВСКИ (Ријека), Благоја ЈОВАНОВСКИ (Осијек), Марко ПАРИЗОВСКИ (Загреб), Глигорија САЗДОВСКИ (графички дизајн), Ангел УПЕВЧЕ (секретар на редакцијата).**

Naklada: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16, tel. 433-243; fax: 427-566

Tisak: A. G. Matoš d.d., Samobor

**Temeljem odredaba čl. 58 stav 3 Zakona o javnom informiranju RH (N. N. br. 22/1992. g. novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete – Sektor informiranja – 14. 7. 1993. g.**

**Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1/7-94-01 od 10. svibnja 1994. g. ova tiskovina oslobođena je plaćanja poreza na promet.**




## ИТЕР ПЕЈО МУ ВАДИ ЗАБ НА ЕДЕН СЕЛАНЕЦ

Еден од Пејовите селани го заболел заб. Кај ќе оди да го вади ако не кај Пеја. Отишол и го праша:

— Знаеш ли, Пејо, да вадиш заб?

— Знам, како да не знам, — одговори Пејо. — Од тоа полесно што има? Само ти седни на столчево и биди мирен, — и му го подаде смрековото столче со три нозе на кое беше провртена на средината дупка да си ги закачуваат жените вртешките кога вијат основа или јаток.

Седна селанецот, а Пејо се засука да работи. Наостри еден кол и го заколка во земјата пред селанецот. Потоа осука еден дебел конец и го врза едниот крај за колот а другиот за забот од селанецот. Се заврте зад него и си зеде една игла бабушка та полека-полека го убоде од дупката на столчето во дебелото месо така силно, што овој наеднаш скокна од столот, а забот остана на конецот.

Фаќајќи се селанецот за убоденото место почна да вика:

— Т-и-и-и-и! Колкав корен имал овој пусти заб, дури долу ме заболе, — и си отиде задоволен од Пејовиот мајсторлак, уверен дека коренот од забот бил долг дури до дебелото месо и дека болките од иглата се болки од извадениот заб.

## ИТЕР ПЕЈО, МАРИОВЦИ И МАГЛА

Тргнал Пејо со своите мариовци за Прилеп, и уште до пладнина излегле по ридот Будимеш. Таман се јавиле да им се проглeда градот и полето, се истрчале и се качиле на една висока стена. Кога се опулиле под стената, им се видела целата падина до Селце некако бела.

— Што ќе биде ова чудно чудо? — се запрашале еден со друг мариовците, но никој не можел да даде точен одговор.

Тогаш Пејо се направил важен, па им вели:

— Ту, бреееееј, мариовци пак мариовци! Ами не гледате ли оти падината е полна со волна?

И уште Пејо ни не го дорекол убаво зборот, еден рипнал од стената во маглата да собере што повеќе волна. Рипнал и пропаднал, се кремнисал. А Пејо им вели на другите:

— Што стоите, бре слепци? Не гледате оти оној ќе ја собере сета волна?

Штом го слушнале мариовците Пеја, сите изнарипале во маглата и се искремнисале.

Дури тогаш на Пеја му текнало оти другарите му се искремнисаа и почнал да им се смее одозгора:

— Тиј, брееееј, се искремнисаа мариовци за пуста волна.





*Манастирот ЗОГРАФ на Атос го изградиле тројцата браќа охриѓани Мојсеј, Арон и Иван Селима кога 919. г. го напуштиле Охрид и дошле на Атон да се посветат на монашкиот живот. Според Сводната Зографска грамота од 14 век, првиот манстир што го изградиле се нарекол Св. Георги Зограф, подоцна познат само како Зограф кој уште во времето на Самоил бил задужбина на Охридската Архиепископија и Самуиловата држава. Тој е сведоштво и ризница на Охридската словенска и монашка школа, богатство што чека да му се објави на светот.*




*Насловна страна:*

*886. г. започна со работа Климентова Охридска школа, во која доминираше облата глаголица а подоцна и кирилицата. Асемановото Евангелие е еден од најстарите документи на словенската обла глаголица од X век, која му послужи на Глигор Саздовски за оваа оригиналоно ликовно и графичко решение по повод овој јубилеј.*